***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 19.06.2024 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци во Домот на пензионери Демир Хисар со почеток во 10 $^{00}$ часот.

На седницата присутни беа 8 (осум) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски, Филип Ангелевски, Магдалена Вељановска, Јордан Кромидаровски, Сашо Михајловски, Марина Димитријовска и Сандра Пејковска, а отсутни беа советниците Валентин Несторовски, Данила Давидевска и Јасмина Јовановска. На седницата присутен претставник од општинската администрација беше Александра Трајковска. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

***ДНЕВЕН РЕД***

1. Донесување на Одлука за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на општина Демир Хисар
2. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата, констатира присуство од осум советници, исполнети се условите за работа на Советот, а потоа ја образложи потребата од свикување на вонредна седница. До советот на општина Демир Хисар има доставено барање за продолжување на работно време од еден угостителски објект-кафе бар во треће од два часа за определени денови во текот на летниот период. Бидејќи барањето се однесуваше и за 21.06.2024 година се свика вонредна седница. За дневниот ред гласаа 8 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Одлука за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на општина Демир Хисар***

За Одлуката за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Александра Трајковска. Советникот Сашо Михајловски побара објаснување до колку сега е дозволено да се работи. Претставникот Александра Трајковска објасни согласно законските одредби дозволено е да работат до 01.00 часот. Угостителскиот објект односно кафе барот „Инфинити“ Демир Хисар имаше поднесено барање за продолжување на работното време до 3 часот за шест дена и тоа 21.06.2024 ; 12.07.2024; 19.07.2024; 20.07.2024; 09.08.2024 и 10.08.2024 година. Бидејќи одлуката не можи да се донеси и да важи само за еден објект, предложената одлука ќе важи за сите објекти, а предлогот е еден час да се продолжи работното време до 02.00 часот, законот дозволува три последователни дена. Советничката Сандра Пејковска во својата дискусија нагласи треба да се излезе во пресрет на младите во кафичот се носат групи треба да се забавуваат младите. Советникот Сашо Михајловски се согласи треба да се забавуваат младите, но тука има и куќи да внимаваме и на луѓето што живеат во близина на објектот. Треба да се слушнат и младите, но после два саатот не се седи без алхохол и другите аспекти треба да се имаат во предвид. Со дискусијата се согласи и претседателот на советот Љупчо Најдовски додавјќи ние сме избрани од граѓаните и одлуките што ги носиме треба да бидат во интерес на сите граѓани, да се заштитени и граѓаните и бизнисмените затоа смета доволно е еден час. Советничката Сандра Пејковска се согласи убаво е да се разгледаат сите страни, но ова е мало место нема кај да излезат младите кога ќе завршат со работа овдешните објекти тогаш некој заминуваат во Битола. Ако носат познати музичари и групи убаво е да им се овозможи на младите да се забавуваат лето е не се многу денови, граѓаните можат да се жалат на гласна музика, но за работното време во ред е. Советникот Сашо Михајловски додаде барањето е да се продолжи работното време за два часат, а предлогот на одлуката е за еден саат, скептичен сум треба да размислиме да донесиме реална одлука и за граѓаните и за младите. Ова е Демир Хисар не е туристичко место ќе има реакции. Одговорност имаме и затоа

треба трезвено да се размисли и да се донесе одлука и да се почитува законските одредби дополни претседателот на Советот Љупчо Најдовски. Советничката Марина Димитријовска се согласи доволно е да се продолжи работното време до два саатот и само овие работни дена кои се наведени. Дискусијата беше исцрпена. За предлогот да се продолжи работното време за еден час односно до два часот во наведените денови во одлуката гласаа 8 „за", против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Предлози и прашања***

Советникот Аце Јанкуловски во врска со одлуката за работното време дополни ако има реакции ќе се разгледува пак. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците за наредна седница се планира точка советнички прашања до градоначалникот. Немаше повеќе дискусија. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 680/3
29.07.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски